**Известување за концентрација со која Друштво за производство трговија и услуги ДЕМИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ќе стекне целосна контрола над Друштво за производство,трговија и услуги ОРАНЖЕРИИ-ДОБРА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани**

**(предмет бр. 08-180 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 12.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Друштво за производство трговија и услуги ДЕМИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со регистрирано седиште на булевар „Јане Сандански “ бр. 26-1/17, Скопје – Аеродром ќе стекне целосна контрола над Друштво за производство,трговија и услуги ОРАНЖЕРИИ-ДОБРА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани со регистрирано седиште на ул.„Оризова” бр.9/А Кочани.

**-Друштво за производство трговија и услуги ДЕМИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** обезбедува услужни дејности за уредување и одржување на животната средина.

**-Друштво за производство,трговија и услуги ОРАНЖЕРИИ-ДОБРА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани** се занимава со одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук.

Друштво за производство,трговија и услуги ОРАНЖЕРИИ-ДОБРА ДООЕЛ увоз-извоз Кочани како друштво над кое се стекнува контрола е поврзано друштво со Друштво за производство, промет и застапување АГРОХЕМИЈА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Мери Бошкова Бр.103, Скопје - Кисела Вода.

За целите на оценка на оваа концентрација подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар би можел да се дефинира *пазарот за одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук и друг вид на земјоделски производи на територијата на РС Македонија*.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

17.12.2025 година

Скопје